32 813

Нова Македонија, Скопје, 17 септември 1985, 13885, 8



Рубенс Корубин: „Ноќна игра“

## СРЕДБА ПРЕД ИЗЛОЖБА

# Ликовниот јазик е единствен

● **ВЕЧЕРВА ВО УМЕТНИЧКАТА ГАЛЕРИЈА ВО СКОПЈЕ КЕ БИДЕ ОТВОРЕНА ТРЕТАТА САМОСТОЈНА ИЗЛОЖБА НА РУБЕНС КОРУБИН**

Македонскиот ликовен уметник Рубенс Корубин, вечерва по трет пат самостојно ѝ се претставува на скопската ликовна публика. Во Уметничката галерија во средновековниот Даутпашин амам, вечерва во 19 часот ќе биде отворена изложбата на слики и цртежи, кои се настанати во поновото време. Корубин во почетокот на седумдесеттите години студира во Белград, а од 1977-79 година е на студиски престој во Париз, кај професор Јанкел. Во меѓувреме одржувал самостојни изложби во Скопје и Белград, додека во рамките на групните изложби бил застапен речиси во целата наша земја, како и во странство.

■ **На ликовната сцена се јавувате во седумдесеттите години, кога се напуштаат традиционалните рамки на сликањето. Во југословенската јавност успешно се јавувате како сликар на новата фигурација, нов реализам, нов романтизам...**

— Да, во почетокот на дваесеттиот век почнува сета авангарда, мал милион стилови, правци, мали правчиња итн., од кои некои се многу значајни, некои тукушто се разгореле, веќе овде-онде згаснуваат... Во принцип го сакам целото сликарство. Ликовниот јазик, колку што се разликува со различни правци и разни децении, во суштина е единствен. Духот и формата се впојуваат како едно. Своето место си го најдов по некоја своја внатрешна вокација.

■ **Дали и денеска во сликата го барате „она“, што го истражувавте и во студентските денови?**

— Додека студирав, и подоцна главен хит беше концептуализмот. Но, нормално е секој да работи според некои свои внатрешни пориви... Сѐ си има свое време, време, кога е актуелен. Моето сликарство никогаш не припаѓало на некоја авангарда. Ниту верувам дека ќе припадне. Но, далеку од тоа дека не се чувствувам актуелен.

■ **Очигледно е дека уметноста нема илузии дека може да го измени светот. Се посветува главно на себеси. Што им преостанува денес на уметниците?**

— Ова прашање често си го поставував — која е смислата на уметноста? Никогаш не најдов одговор. И, тогаш сфатив дека единствено треба да сликам, понатаму самото сликање ќе си ја покаже вредноста. Уметноста е работа на верба, вистинска визија. Во обидувањето да го дефинирам значењето на уметноста се чувствувам инфериорен, меѓутоа во миг кога започнувам да сликам не сум веќе таков, туку се чувствувам како борец. И, длабоко сум уверен дека уметноста има моќ, бидејќи непрекинато комуницира со луѓето, има големо влијание врз нив. Да не бидам покатегоричен и да изјавам дека уметноста е единствена вистинска работа.

● **Дали обично Вие ја одбирате темата, или се работи за спротивното?**

— Не почнувам да создавам сѐ додека не се создаде одредена „слика“, која ќе ме „викне“. Веројатно настанува совпаѓање на некоја моја внатрешна визија, која што платното ја открива и, потоа, почнувам тоа да го разработувам. Е, сега во еден даден миг, бидејќи сум фигуративец, како што рековте, започнува таа подлабока обработка — до детали. Но, никогаш не сум пристапувал со одредена концепција.

■ **Во доменот на светските збиднувања, критичарите и галеристите се толку влијателни што дури можат и да измислат (создадат) некој уметник или некој правец. Што мислите може ли и кај нас моќта на критичарот да биде поголема од моќта на уметникот?**

— Критичарите се каста сосема нова, карактеристична за дваесеттиот век. Соработката помеѓу критичарите (обично се тоа историчари на уметност) и уметниците е многу битна. И ќе станува се поважна. Меѓутоа дека се тие „семоќни“, односно дека можат да создаваат сликари и правци, во тоа не сакам да поверувам. Сликарот може да биде само роден сликар!

Всушност, местото на критичарите треба да биде само покрај местото на уметниците. Од овој аспект тие имаат моќ: додека гласот на сликарот допира до сликата, критичарите преку масовните медиуми допираат многу подалеку, го оформуваат јавното мнение, што значи доколку те пофалува избиваш во горните слоеви и обратно. Како ракува со механизмот, така и се движат работите. Но, дотолку е и нивното место поодговорно. Критичарите треба да бидат исклучително талентирани и секојдневно да го преиспитуваат својот дух и своето око токму врз сликите. Не е важно чии слики се во прашање...

В. К.